Врз основа на член 103 став (1) точка 2, член 135 став (3), членовите 149, 150 и 151 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) и Одлуката број 02-355/2 од 09.03.2024 година донесена од Ректорската управа на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, а во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2024/2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 41-5614/3 од дата 02.07.2024), Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, објавува

# К О Н К У Р С

## за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2024/2025 година

**I. Број на студенти**

На факултетите на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, на втор циклус студии во академската 2024/2025 година може да се запишат следниов број студенти:

| СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Број на студенти | Траење во семестри | Цена на Студирање по семестар (во евра) |
|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТИ** | | | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И АРХИТЕКТУРА** | 30 | | |
| Архитектура и дизајн | 20 | 4 | 400 |
| Градежништво – конструктивна | 10 | 4 | 400 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ** | 80 | | |
| Применето софтверско инженерство | 20 | 2 | 400 |
| Применето софтверско инженерство | 20 | 4 | 400 |
| Математичко – информатичко образование | 20 | 2 | 400 |
| Математичко – информатичко образование | 20 | 4 | 400 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | 75 | | |
| Економско инженерство и менаџмент | 25 | 2 | 400 |
| Безбедност при работа | 25 | 2 | 400 |
| Автоматика | 25 | 2/4 | 400 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ** | 45 | | |
| Хемиско инженерство | 15 | 2 | 400 |
| Прехрамбени технологии | 15 | 2 | 400 |
| Нутриционизам и диететика | 15 | 2 | 400 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ** | 175 | | |
| Социјална работа | 20 | 2 | 400 |
| Социјална политика | 20 | 2 | 400 |
| Медиуми и интеркултурна комуникација | 30 | 2 | 400 |
| Спорт и спортски науки | 20 | 2 | 400 |
| Политички и меѓународни студии | 20 | 2 | 400 |
| Политички и меѓународни студии | 20 | 4 | 400 |
| Јавни политики и менаџмент | 25 | 2 | 400 |
| Балкански и евроазиски студии | 20 | 2 | 400 |
| Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје | 405 | | |

**НАПОМЕНА: Високообразовната установа донесува одлука за минимален број на запишани студенти со цел да се отпочне со работа на студиската програма. Доколку студиската програма не започне со работа, соодветните кандидати ќе можат да се запишат во други студиски програми. Наставата се одвива на албански јазик и на македонски јазик, во согласност со бројот на пријавените кандидати.**

Школарината за студирање на втор циклус на студии е целосно на товар на студентот и таа изнесува 400 евра (во денарска противвредност) за секој семестар и за одбрана на магистерски труд студентите плаќаат износ од 400 евра (во денарска противвредност), десет дена пред денот на одбраната.

Надоместоците кои ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот се врз основа на Одлуката за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот.

На студиските програми можат да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветни или сродни студии на прв циклус, според претходните студиски програми и планови и кандидати кои имаат завршено соодветни или сродни студии на прв циклус, според ЕКТС. За студентите од сродни студиски програми ННС на единицата може да определат дополнителни услови за запишување – диференцијални испити, согласно со потребните предзнаења за таа студиска програма.

## II. Право на конкурирање

Право на конкурирање имаат кандидати што ги исполнуваат следниве општи услови:

- да завршиле прв циклус студии на соодветни или сродни студии
- да исполнуваат други услови предвидени со студиските програми за организирање втор циклус студии на соодветниот факултет.

## III. Спроведување на Конкурсот

Постапката за запишување на кандидатите на втор циклус на универзитетски (академски) студии ја спроведува Универзитетската конкурсна комисија.

Рангирањето на кандидатите го врши Конкурсната комисија на секој од факултетите на Универзитетот. Членовите на конкурсната комисија ги именува наставно-научниот совет на факултетот со посебна одлука. Ранг-листата се објавува на огласната табла на Универзитетот и на факултетот, како и на веб – страната на Универзитетот.

По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија на единицата, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати. Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите, и истиот се упатува до Конкурсната комисија на единицата. Конкурсната комисија на единицата носи Одлука по приговорот. Одлуките по приговорите се објавуваат на факултетите.

Доколку кнадидатот не е задоволен и по таа Одлука, во рок од 12 часа има право да поднесе Жалба до Универзитетската конкурсна комисија.

Универзитетската конкурсна комисија во рок 24 часа донесува Одлука по жалбата.

Одлуката на Универзитетската конкурсна комисија е конечна.

По истекот на роковите за поднесување приговори или жалби и нивно решавање, Универзитетската конкурсна комисија ја објавува конечната ранг-листа, врз основа на која се врши запишување на студенти. Кандидатите кои во предвидениот рок за упис нема да да ја достават соодветната документација, односно воопшто нема да се јаваат на службата за студентски прашања на соодветниот факултет каде што се примени, ќе се третира дека се откажуваат од приемот и нивното место повторно ќе биде објавено во дополнителниот конкурс.

Кандидатот се стекнува со правото на запишување доколку се наоѓа на ранг-листата до бројот што е предвиден со конкурсот за запишување. Кандидатот кој што се стекнал со право на запишување, а во предвидениот рок нема да го изврши запишувањето го губи правото и наместо него правото на запишување го стекнува наредниот кандидат од ранг-листата.

Помеѓу студентот и Универзитетот се склучува договор за студирање, со кој поблиску се утврдуваат нивните меѓусебни права и обврски.

## IV. Документи за пријавување и запишување

Пријавувањето се врши на студентската служба на Универзитетот.

Со пријавата кандидатите доставуваат:

▪ Пријавен лист за запишување;

▪ Оригинален документ за завршен прв циклус студии (диплома или уверение) (кандидатите кои завршиле во странство доставуваат Решение од МОН за признавање на странска диплома и еквиваленција на оценките);

▪ Кратка биографија (CV);

▪ Доказ за активно познавање на странски јазик;

▪ Препораки од наставно-научни работилници (доколку има такви);

▪ Список на стручни или научни трудови и примерок од нив (доколку кандидатите имаат);

▪ Документи за евентуални награди, признанија и други документи; ▪ 800 денари на жиро-сметката на Универзитетот: со назив административни трошоци.

При **запишувањето**, примените кандидати доставуваат:

▪ Индекс и пријавни листови

▪ Две фотографии (3,5x4,5)

Сите кандидати нивните документи за апликација треба да ги достават во просториите на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје на улица 1669 бр.11а, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

**V. Рокови за пријавување и запишување**

| | **Прв рок** | **Втор рок*** |
|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 11 – 30 септември 2024 | 16 јануари – 2 февруари 2025 |
| Запишување на кандидатите | 04 – 13 октомври 2023 | 10 - 14 февруари 2025 |

***Втор уписен рок ќе се спроведе за студиските програми за кои не се пополнети конкурсните квоти и на кои постојат услови за отпочнување и изведување на наставата во летниот семестар.**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

▪ **Кандидатите имаат можност покрај првиот избор на студиската програма на која конкурирале, можат да изберат уште една студиска програма, односно да се определат и за втора студиска програма, доколку не успеат да бидат на ранг-листата на примени кандидати на прво избраната студиска програма.**

▪ **Детални информации за условите за запишување и студирање на секоја од објавените студиски програми, потребна документација, организација и временските рокови на студиите, заинтересираните кандидати може да ги добијат од студентската служба на Универзитетот.**

**Конкурсот е објавен на интернет – страницата:**
**http://www.unt.edu.мк**

Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје